SALAR International
A part of the Swedish Association
of Local Authorities and Regions

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на наставници од основните училишта во Пелагонискиот и Југозападниот Регион за учество во едукативна програма за отпад**

## ВОВЕД

Република Северна Македонија се соочува со сериозни предизвици во областа на управувањето со отпадот. Како земја-кандидат за членство во ЕУ, Северна Македонија мора да ги усогласи националните регулативи за управување со отпадот со Рамковната директива за отпад на ЕУ (2008/98/EC) како и со Пакетот за циркуларна економија усвоен од ЕУ во 2018 година. За жал, секторот не успева да ги задоволи ни европските регулативи ниту националните цели за управување со отпад.

Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020) како и Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија (2021-2031) ги отсликуваат долгорочните цели на земјата во кои циркуларната економија и подобрувањето на управувањето со отпадот имаат клучно место. Во моментов, стапките на селектиран и рециклиран отпад се далеку под просекот во ЕУ и 99.7% од собраниот отпад во земјава завршува на депонија. Одлуките што ги носат одговорните лица за оваа област кои што се носат треба да се однесуваат на инфраструктурата и опремата, но и на потребата да се промовираат и спроведуваат добри пракси во училиштата меѓу наставниците и учениците, особено оние од помала возраст (7-12 години), кои најлесно прифаќаат навики, но и ја разбираат потребата од нив. Прифаќањето на одржлив начин на живот не е прашање на избор туку обврска кој што си ја должиме себеси, на нашата заедница и на идните генерации. Непредвидливите климатски промени и потрошувачките навики кои што генерираат огромни количини отпад се проблеми со кои мора да се справиме и единствен начин е преку јакнење на капацитетите и образованието.

Проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“, спроведуван од шведската асоцијација на општини и региони (SALAR International) и финансиран од Шведската влада веќе две години работи во Пелагонискиот и во Југозападниот регион на подобрување на состојбата со отпадот. Активностите вклучуваат подобрување на планирањето и работењето на општинската администрација и на комуналните претпријатија, подобрување на комуникацијата со јавноста и помеѓу институциите како и едукација во училиштата.

## ЗА ПРОГРАМАТА

Преку проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ сакаме да ја нагласиме важноста од таргетирани образовни активности и активности за кревање на јавната свест кои вклучуваат ефикасна комуникација, неопходна за да се постигнат промени во однесувањето на населението. Програмата ќе им овозможи на наставниците да се стекнат со суштинско и современо знаење од областа на одржливоста и управувањето со отпадот, кое постојано би го пренесувале на своите

ученици. Предложената обука нуди холистички преглед на темите и ќе им обезбеди на наставниците теоретско знаење и наставни материјали за спроведување на практичните вежби.

Програмата ќе има сеопфатен пристап во работењето со наставниците и еко одборите во основните училишта во двата региона кој што ќе обезбеди темелно разбирање на концептот на одржливост, циркуларната економија и на управувањето со отпад, а истовремено ќе промовира еколошка свесност кај граѓаните. Сево ова ќе биде испорачано преку комбинација од практични активности на отворено, работилници и настани. Добро познат концепт во образовната пракса е дека децата и возрасните многу полесно учат и го консолидираат знаењето преку практични вежби.

Програмата предвидува два типа на активности кои што се објаснети подолу.

**Активност 1 – Работилница за наставници на тема управување со отпад и циркуларна економија**

- *Целна група:* наставници во основни училишта
- *Локација:* во училница и на отворено
- *Време:* 6 часа по група
- *Материјали:* отпечатени материјали, фотографии, презентации и опрема за практични вежби
- *Цел:* наставниците да стекнат самодоверба да држат настава за превентивни пракси за справување со отпадот и да се обезбедат теоретски и практични материјали за настава во основните училишта

Обуката ќе ги опфати наредниве теми:

1. Целите за одржлив развој на ОН и стратегиите на ЕУ
2. Хиерархија на отпадот на ЕУ со фокус на обнови, користи повторно и рециклирај (Redo, Reuse and Recycle)
3. Опасен отпад
4. Различни текови и распаѓање на отпадот
5. Намалување на еколошкиот отпечаток
6. Одржливост, циркуларна економија, зачувување на природните ресурси и обезбедување добросостојба за идните генерации
7. Бихејвиорална теорија – осврт и влијанија
8. Реализација на наставата на отворено и практични вежби за инспирација и напредок кон остварување на одржливите цели

Оваа активност е наменета за наставниците од основните училишта и има намера да им пренесе знаење за одржливиот развој и управувањето со отпад. Практичните примери од Шведска се инспиративни и од огромна помош зашто се веќе користени од еколошките педагози во нивната комуникација со ученици и возрасни.

**Активност 2 – Настан на отворено**

- *Целна група:* населението во општината
- *Локација:* на отворено
- *Време:* најмалку 4 часа
- *Материјали:* отпечатени материјали, фотографии и материјали за разни практични вежби
- *Цел:* да се инспирираат и образуваат луѓето на забавен и игрив начин за одржливоста, управувањето со отпад, еколошкиот отпечаток и како да се стане климатски свесен граѓанин

Ова е настан на отворено кој што ќе биде отворен за сите граѓани во општината и ќе биде реализиран со помош на наставниците кои што ќе ја имаат поминато обуката од активност 1 погоре. Ќе бидат поставени штандови со разни теми поврзани со целите на одржлив развој, хиерархијата за опад на ЕУ и локалниот акциски план за управување со отпад на општината и преку практични вежби ќе ги вклучат посетителите во размислување за климатските промени и одржливо управување со отпадот.

Наставниците кои ќе бидат селектирани,  ќе имаат можност да ја посетуваат едукативната програма за отпад која ќе им овозможи подобро да ги пренесат наставните содржини поврзани со зачувување на животната средина во редовната настава кои се утврдени со наставните програми од Бирото за развој на образованието. Освен тоа, наставниците кои ќе учествуваат во едукативната програма ќе се стекнат со знаења и вештини за подобрување на спроведувањето на наставните програми, но и во реализација на слободните ученички активности, слободните изборни предмети и воннаставните активности.

Едукативната програма ќе се одвива во текот на 2-3 дена во периодот од **26-30 август 2024 година**, и ќе ја спроведуваат едукатори од Шведска заедно со експерти за отпад од SALAR International. Обуката е еднодневна и во зависност од бројот на пријавени наставници и ќе се одвива на 26 или 27 август.

Повикот е наменет за еко одборите од основните училишта во општините Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница. Еко одборите во својата апликација треба да номинираат наставници кои што ќе учествуваат во програмата. Од секое училиште е дозволена по една апликација од еко одборот, а бројот на предложени наставници е ограничен на три.

***На повикот можат да бидат пријавени наставници од еко одборите на училиштата кои ги исполнуваат следните услови:***

- Да се во редовен работен однос во основното училиште
- Да реализираат настава по предметите: биологија, географија, хемија или природни науки
- Да работат во основните училишта од горенаведените 6 општини од Југозападниот и Пелагонискиот регион
- Да имаат претходно искуство во работење со развојни проекти од областа на заштита на животната средина

- Добро да го владеат англискиот јазик (обуките ќе се изведуваат на англиски)

***Обврски на наставниците кои ќе бидат дел од едукативната програма:***

- Да учествуваат на сите обуки предвидени со програмата
- Стекнатото знаење да го применуваат во реализација на наставната програма посебно на часовите поврзани со отпад
- Да учествуваат на настаните на отворено доколку се одржуваатат во нивната општина (активност 2) како дел од оваа едукативна програма
- Да учествуваат во активности за подигнување на јавната свест за правилно постапување со отпадот што ќе бидат организирани од SALAR International до крајот на проектот

Патните трошоци за учесниците на обуката ќе бидат покриени од страна на проектот.

***Начин и рок за пријавување:***

Сите заинтересирани еко одбори е потребно да ја пополнат пријавата (подолу) и да приложат мотивациско писмо и кратка биографија (CV) од секој предложен наставник. Сето тоа да се стави во еден PDF документ и да се испрати на следнава емаил адреса: emil.angelov@salarinternational.se најдоцна до **08 јули 2024 година**.

ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО ВО ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА

**ИМЕ НА ЕКО ОДБОРОТ**

| | |
|---|---|
| **Контакт лице и телефон** | |
| **Емаил адреса** | |
| **Општина** | |
| **Основно училиште** | |
| **Дали сите предложени наставници се во редовен работен однос? (ДА/НЕ)** | |
| **Имиња на предложените наставници и предметите кои ги предава секој од нив (хемија/биологија/ географија/ природни науки)** | |
| **Кој е интересот на одборот за учество во едукативната програма за отпад?** | |
| **Во кои тековни проекти од областа на животната средина е вклучен одборот?** | |
| **Дали предложените наставници ќе можат да ги применуваат стекнатите знаења во наставната програма? (ве молиме објаснете)** | |
| **Дали наставниците имаат претходно искуство со слични обуки на развојни проекти? (ве молиме наведете)** | |
| **На кој начин ќе му помогне обуката на еко одборот во натамошната работа? (ве молиме објаснете)** | |

| | |
|---|---|
| **Дали наставниците ќе имаат можност да учествуваат во програмата, доколку се спроведува во сабота и недела?** | |